ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Среќна Нова 2023 година
- Усвоен Буџетот на Општина Делчево за 2023 г., проектиран на 312.458.713 денари
- Потпишан Колективен договор за вработените во Општина Делчево
- За прв пат новогодишен парк во Делчево



# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 31 ДЕКЕМВРИ 2022

## Среќна Нова 2023г.



Потпишан Колективен договор за вработените во Општина Делчево



Усвоен Буџетот на Општина Делчево за 2023 г.,проектиран на 312.458.713 денари



За прв пат новогодишен парк во Делчево



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Донесен Буџетот на Општина Делчево за 2023 година



На 17 Седница на Советот на Општина Делчево, мнозинството советници го усвоија Буџетот на Општина Делчево за 2023 година кој е во висина од 312.458.713 денари. Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 43.467.500 денари додека тековно оперативните расходи се планирани во износ од 268.991.213 ден.

Основниот буџет е планиран на износ од 102.094.000 денари, од кои капиталните расходи се планирани во износ од 38.227.000 денари, или 37,4%, додека тековно-оперативните расходи се планирани на износ од 63.867.000 ден. или 62,5%.

Како што истакна градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, согласно со финансиските параметри, Буџетот за 2023 го квалификуваме како развоен буџет, бидејќи најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти, неопходни инвестиции во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината Буџетот за 2023 година е одговор на предизвиците што претстојат, но е и во насока на реализација на приоритетите за следната година.

- Во 2023 година проектираме за изградба и реконструкција на улици да се инвестираат 11 682 000 денари, од кои за реконструкција на улици и патишта во износ од 9.182.000 денари,за изградба на улици во износ од 2 500 000 денари. Завршување на изградбата на градскиот пазар во износ од 12.000.000 денари, реконструкција на капацитети за водоснабдување во износ од 3.600.000 ден., изградба на капацитети водоснабдување 3.820.000 ден., реконструкција на пречистителни станици и колектори 2.000.000 денари. Обезбедени се средства од МТВ во износ од 5.800.000 денари за реконструкција на локалниот пат Делчево-с.Стамер. Проектирани се средства за експропријација во износ од 1.500.000 денари. Планирани се и средства за отплата на кредитот земен за доградба на детска градинка и кредитот земен за реконструкција на улиците „Вера Јоциќ“, „Питу Гули“ и Маршал Тито“ во износ од 5.078.300 денари.Сите овие средства се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во Општината, потенцираше Трајковски.

Совет на Општина Делчево

# Донесен Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

Трајковски додаде дека Буџетот на Општина Делчево е проектиран да обезбеди високо ниво на реализација на капиталните инвестиции во делот на патната и комуналната инфраструктура.

- Клучни капитални проекти на кои ќе посветиме големо внимание е изградбата на нова детска градинка со капацитет од 150 деца,проект со проектирана вредност од 48 000 000 ден., но и максимална посветеност во сите сегменти за реализација на втората фаза-инфраструктурен дел од проектот на филтер -станицата за чиста вода за пиење, како најважни сегменти за подобрување и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Делчево, проект со проектирана вредност од околу 6 000 000 милиони швајцарски франци. Изградба на локалниот пат Делчево-с.Стамер од отклонот од регионалниот пат, проект со финансиска конструкција од 5 800 000 денари. Изградбата на нова водоводна инсталација во дел од нас.Милково Брдо, нас.Ново Делчево и потисен цевковод во нас.Трети Реон со што старата азбестна водоводна инсталација комплетно ке се замени со нова полиетиленска,проект со финансиска конструкција од 18 845 000 денари. Изградба и реконструкција на комплетно нови водоводи во с.Габрово, с.Звегор, проект со финансиска конструкција од 1,3 милиони швајцарски франци, како и реконструкција на водоводната инсталација во с.Вирче со средства од Буџетот на Општината. Проект којшто е ставен и во развојната програма на општината е изградба на улици околу градскиот зелен пазар изградба на целиот паркинг простор околу пазарот,со средства од основниот буџет, истакна Трајковски.

Меѓу другите ставки и планирани обврски на Општина Делчево по програми, предвидени се средства за социјални трансфери: еднократна парична помош во износ од 660 000 денари; еднократен паричен износ за новороденчиња 220 000 денари; исплата за првачиња 327 000; трансфери до здруженија на граѓани и спортски клубови 1.200.000 денари;Од оваа година воведуваме нова општинска мерка- Еднократна парична помош од 10.000 ден. за згрижувачки семејства во Делчево.

На денешната Седница советниците ја донесоа и Стратегијата за родова еднаковст на жените и мажите на Делчево, Берово и Пехчево за 2023-2026 г. и Акцискиот план; Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година и Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 г. Деветмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2022-30.09.2023 година, Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година; Одлука за ослободување од комунална такса за улично осветлување; Програма за работа на Советот на Општина Делчево; Одлука за расходување компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на Општина Делчево; Одлука за давање согласност за расходување компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Новогодишна честитка од градоначалникот Трајковски



Почитувани сограѓани,
Полека го трошиме последниот ден од старата 2022 и се подготвуваме за дочекот на Новата 2023 и, верувајте, дека ниту еден ден од годината, не е исполнет со толку многу желби и оптимизам за нови почетоци и успеси, за благодет, за здравје и среќа, како денот, кога ги броиме последните мигови од старата и ја дочекуваме новата година.

Новата година е нов почеток, а почетокот на новата календарска година, нѐ поттикнува со отворено срце и најубави зборови да им посакаме на најблиските, пријателите, колегите, соседите, да имаат радосна и просперитетна година.

Во пресрет на Новата година, не треба да се заборави дека и во старата- заеднички именител на сите наши напори, како Општина и градоначалник, е работа во интерес на граѓаните. Одговоривме максимално на предизвиците, завршувавме капитални проекти, отпочнавме нови и планираме за реализација проекти кои ќе донесат развој во сите полиња од живеењето, од инфраструктура и образование, до спорт и култура.

Во Новата година влегуваме со нова енергија во остварување на нашите планови и програми- целта останува иста, подобар квалитет на животот на моите сограѓани. Наздравете за новиот почеток, за Новата 2023 и дочекајте ја со широка насмевка, живејте ја со љубов и испратете ја со успеси. Среќна Нова година и среќен Божиќ!

Актуелности

# Традиционална посета на градоначалникот Трајковски и претседателот на Советот, Попов, на дежурните служби за новогодишната ноќ



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и претседателот на Советот, Гоце Попов, за време на новогодишната ноќ, ги посетија дежурните служби во Делчево кои работат за време на новогодишната ноќ. Оваа традиционална посета на дежурните служби е со цел да им се оддаде почит и внимание на службениците кои работно ја дочекуваат Новата година и се грижат за здравјето и безбедноста по животот и имотот на нашите сограѓани.

Трајковски и Попов ги посетија дежурните служби на ТППЕ Делчево, Итната медицинска служба, ОВР-Делчево и царинските службеници при Царинската испостава на Граничниот премин –Делчево.

Како што истакна Трајковски, со овој чин сакаме да се оддолжиме на овие неуморни службеници и да им покажеме дека ја цениме нивната работа.

-Посебна чест претставува вечерва, на новогодишната ноќ, да си со вработените кои се на своите работни места за време на новогодишната ноќ. Нивната улога во функционирањето на системот, посебно кога станува збор за безбедноста и здравјето на граѓаните, е непроценливо и Делчево се гордее со овие вработени. Посетата ја искористивме, за да се запознаеме со нивните обврски, предизвици и со условите во кои работат, а во знак на благодарност им доделив пригодни подароци кои се во насока на подобрување на условите за работа. Посакувам да имаат мирна новогодишна ноќ, а наредната 2022, да им донесе лична среќна, многу здравје и бериќет и успех на професионален план, истакна Трајковски.





Актуелности

# За прв пат новогодишен парк во Делчево









За прв пат во градскиот парк во Делчево се поставени новогодишни украси и фигури, но и дрвени куќички наменети за угостителска-трговска дејност. Поставувањето на овие новогодишни реквизити го оплеменуваат градскиот парк и го облекуваат во новогодишно руво, на тој начин, ја збогатуваат новогодишната атмосфера во Делчево нудејќи содржина повеќе за убави фотографии, посебно за најмладите. Фигурите ги изработи делчевската фирма WELD-arc, а Општина Делчево изразува благодарност за изработката на овие фигури кои ја збогатија новогодишната приказна на Делчево и донесоа најголема радост кај дечињата.

Инвестицијата во оваа празнична приказна е на Општина Делчево и локални фирми, додека украсувањето со новогодишни светилки и реквизити на главните улици во градот се врши со постоечките новогодишни украси, набавени претходните години.

Новогодишното украсување на улиците, објектите и домовите, има посебна традиција и порака и дава придонес за поттикнување на позитивното, надежта и вербата дека новата година ќе испишува позитивни страници, а воедно најмладите, да се радуваат на делчевската новогодишна бајка.

Во таа смисла, Општина Делчево ги информира граѓаните дека со цел да се спречат какви било оштетувања кои поради фактот што станува збор за електрична инсталација која при оштетување може да предизвика несакани последици по безбедноста и здравјето, ќе се постави и видеонадзор за контрола. Општина Делчево апелира до граѓаните за совесно и одговорно однесување и посочува дека поставените светилки се под висок струен напон.

Целта е сите заедно одговорно да придонесеме и да го чуваме општото добро, пред сè, да овозможиме децата да уживаат во новогодишната магија.

Оваа урбана опрема е на сите нас!!!

# Традиционална хуманитарна акција на Општина Делчево и Компанијата „Зегин“ по повод новогодишните и божиќните празници









Со посета на згрижувачкото семејство Мирчевски во с. Бигла, градоначалникот Трајковски ја започна традиционалната хуманитарна акција по повод новогодишните и божиќните празници. Во пресрет на празниците, за побогата трпеза, семејството Мирчевски доби хуманитарна помош составена од прехранбени продукти и новогодишно пакетче за нивната штитеничка. Градоначалникот Трајковски ја искористи посетата да се запознае со условите и поддршката што ја добива ова семејство од државата, но и го го информираше семејството и за новата социјална услуга која од 2023 година ја воведува Општина Делчево, а се однесува за еднократна парична помош за згрижувачко семејство во Делчево во износ од 10.000 денари.

Згрижувањето деца без родители и родителска грижа е хуманост која ја заслужува нашата почит и поддршка и затоа годинешната хуманитарна акција ја започнуваме од ова семејство. Како Општина, ги користиме ресурсите да помогнеме на овие семејства во нивната хумана мисија и со мало внимание и помош да им посакаме среќни празници. Во оваа прилика ги повикувам и општествено одговорните фирми во Делчево да им помагаат на овие семејства, за да се овозможат услови за среќно детство на сите деца, рече Трајковски.

Традиционално по повод новогодишните празници, градоначалникот Трајковски со поддршка на Компанијата „Зегин“ додели 30 хуманитарни пакети. Пакетите се дистрибуирани во ОО на Здружението на пезнионерите во Делчево, црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Делчево, како и до Џамискиот одбор на градската џамија „Султан Мехмед Фатих ıı“, каде одговорните лица ќе ги распределат пакетите до своите верници на кои оваа помош им е непоходна и добредојдена.

Целта на хуманитарната акција е да се обезбеди побогата празнична трпеза и да се помогне на семејствата достоинствено да ги прослават новогодишните празници и да се покаже на дело дека никој не е заборавен.

Актуелности

# Поделени 1250 новогодишни пакетчиња во Делчево

Актуелности



Дедо мраз пристигна во детската градинка „Весели цветови“ и донесе радост, смеа и новогодишни пакетчиња кај дечињата од детската градинка. Новата година носи нов почеток, нова надеж и најголема радост на децата, а со цел да се израдуваат сите дечиња во Делчево, од детската градинка „Весели цветови“, па сѐ до 7 одделение во основното образование и децата од Дневниот центар за лица со посебни потреби, годинава со поддршка на локални фирми од Делчево се обезбедија 1250 пакетчиња.

Градоначалникот Трајковски кој присуствуваше на новогодишната приказна во детската градинка, изрази благодарност до сите локални фирми кои се вклучија во акцијата.

-И оваа година традиционално со локалните фирми обезбедивме детски новогодишни пакетчиња. Целта ни е да ги израдуваме дечињата и да овозможиме секое детенце да ја почувствува новогодишната магија. Новата година носи најголема радост на децата. Затоа, во оваа прилика, им посакувам да им се остварат сите новогодишни желби, но пред сѐ, да имаат среќно детство и да веруваат во новогодишната магија. Чудата се возможни, истакна градоначалникот Трајковски.

Општина Делчево изразува благодарност до фирмите кои се вклучија во новогодишната акција: „Фротирка-Компани“ Делчево, казино „Амбасадор“, Рудине-ММ, „Еуро-Бетон“ од с. Град, „Форстек“, „Дамјанов“, „Сонитекс“, „Обел-градба“-с. Град, „Муци-транс“,„Рома-транс“, „Памист“, ресторан „Трла“, „Тренд-ком“, кафе-бар „Валиум“, „Лукатекс“,„Телходел“, „Извор комит“,„Геомер“, ресторан „Антика“, „Крзно“, „Гео-инг“, „Нефи“,„Ликеј-делвин“, „Стефи“.





Актуелности

# Потпишан е Колективниот договор за вработените на Општина Делчево



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, претседателот на УПОЗ, Трпе Деаноски и претседателката на Општинската синдикална организација на Општина Делчево, Ивана Ивановска го потпишаа Колективниот договор за вработените во Општина Делчево. Со овој чин на потпишување на документот, вработените во Општина Делчево за прв пат добиваат Колективен договор на ниво на работодавец, односно, потпишан од градоначалник на Општината и Синдикалната организација на Општина Делчево.

Со овој Колективен договор се унапредуваат правата, обврските, одговорностите и другите прашања во врска со работниот однос на вработените при Општина Делчево. Исто така, се прецизира усогласување на платите со порастот на минималната плата, редовна исплата на регресот за годишен одмор, исплата на јубилејни награди, како и други права од работен однос на вработените во Општина Делчево.

За градоначалникот Трајковски потпишувањето на овој документ ги унапредува правата на вработените, уредува поголеми и поповолни права од правата предвидени со одредени закони.

– Секогаш застанувам на страната на работниците и нема да се согласам со кршење на нивните права утврдени со закон, напротив, следејќи ги насоките од Владата и законските регулативи, работам во насока, работникот да биде почитуван и мотивиран. Ова е прв ваков документ потпишан на ниво на Општината, затоа и значењето на имплементацијата во насока на унапредување на правата е огромно- потенцираше Трајковски.

Колективниот договор ќе започне со примена од 1 јануари 2023 година.

# Општина Делчево изработува Стратегија за енергетска ефикасност

Актуелности



Општина Делчево со поддршка и експертиза од „Хабитат-Македонија“ изработува стратегија за енергетска ефикасност која треба да придонесе за планско управување со потрошувачката на енергија и запирање на непродуктивното трошење енергија, односно интелигентно користење на расположливите ресурси на енергија.

Целта на изготвување на овој стратешки документ за енергетска ефикасност за период 2023-2025 е двојна. Прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува Општината и, второ, да се дадат препораки за спроведување проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во Општината со воведување мерки за подобрување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на $CO_2$, како и зголемување на јавната свест во врска со енергетската ефикасност.

Подготовката на општинската програма за енергетска ефикасност е обврска која произлегува од Законот за енергетика и се однесува на период од три години. Реализацијата на програмата се спроведува преку годишни акциски планови и доставување извештаи за завршената работа за претходната година, кои содржат конкретни мерки што треба да се преземат за остварување на предвидените цели.

Главните цели на оваа програма ги следат стратешките документи и директиви на Европската Унија за декарбонизирана Европа до 2050 година и внесуваат нови искуства во примената на европската пракса кај нас. Насоките на оваа програма се темелат на европската зелена агенда, енергетската транзиција, примената на обновливите извори на енергија, зелената и циркуларната економија и зелени општини и градови.

Во изминтите години Општина Делчево работеше по две програми за енергетска ефикасност кои беа исполнети во голем процент, а беа имплементирани и неколку капитални проекти од енергетска ефикасност.

Актуелности

# Заврши адаптацијата на поткровјето на ООУ „Св.Климент Охридски“



Во ООУ „Св. Климент Охридски“ завршија градежните работи за адаптација и пренамена на поткровниот помошен простор во простор наменат за медијатека-библиотека со што се создаваат услови и за едносменско работење на училиштето. Увид во завршните работи во училиштето направи градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека со оваа преадаптација на неискористениот поткровен простор се создаваат услови за соодветно и максимално искористување на просторот за потребите на училиштето и заштеда на енергија.

Корисната површина на таванскиот простор е 274 м2 и досега се користеше како помошен простор за складирање непотребни материјали на училиштето и не беше рационално искористен, а со адаптацијата и пренамената на таванскиот простор се овозможи решение за покорисно искористување на таванскиот простор што би било од корист на корисниците, односно учениците, наставниците и пресоналот на училиштето.

Како што истакна директорот на училиштето, Горан Димитровски, новиот простор е наменет за медијатека во која ќе се вклучат нови создржини: библиотека, читална и простор за состаноци, уметничко ателје со вклучени: музички инструменти и уметничко сликање, како и мултинаменски хол, а воедно, училиштето во второто полугодие ќе има можност да го врати едносменското работење што значи и поголема заштеда на енергија.

Овој проект е финансиран од МОН и е со вреднот од 4,3 милиони денари, изведувач е АТРИУМ-ДООЕЛ од Вевчани.

# „Стоп за семејното насилство-Животот е мој“

Актуелности




Комисијата за еднакви можности при Општина Делчево со поддршка на ЈЛБ „Илинден“, образовните институции во градот и Општина Делчево изработи видеоспот во кој главни актери се ученици од образовните институции кои ја испратија порака против насилството врз жените и девојчињата. Со оваа активност, Општина Делчево се вклучува во кампањата „Стоп за семејното насилство-Животот е мој“ која истовремено се реализира и во Република Северна Македонија и во Република Бугарија, а воедно, го одбележа и последниот ден од годишната кампања„16 дена активизам против родово базирано насилство кое годинава се одбележа под мотото „Препознајте, блокирајте и пријавете дигитални и други форми на насилство врз жените и девојчињата.

Целта на кампањата е да се подигне свеста на општеството кон родовото базирано насилство.



Актуелности

# Во Делчево се отвора Центар за дијаспора



Градоначалникот Горан Трајковски и министерот без ресор задолжен за дијаспора во Владата на РСМ, Џемаил Чупи, во Делчево го потпишаа Договорот за отворање Центар за дијаспора во Делчево.

На настанот на кој присуствуваа претставници од Управата за водење матична евиденција, Одделението за управни рапоти при ОВР-Делчево, АВРМ-Делчево, Фондот ПИОМ-Делчево, Агенција за катастар и Центарот за социјални работи, беше презентиран проектот „Центар за дијаспора" кој ќе се реализира во 23 општини во државава.

Како што нагласи министерот Чупи, појасни како се предвидува да работи овој центар и какви можности ќе создаде, при што потенцираше дека центарот ќе има посредничка улога и ќе помага на нашата дијаспора.

–Центарот за дијаспора ќе има овластувања: да ја информира дијаспората за сите нивни права и обврски за време на престојот во матичната земја, да придонесе за создавање база на податоци за сите здруженија активни во дијаспората, со акцент на економската и научната дијаспора, да се иницира соработка на локални организации со организации од дијаспората за заеднички проекти и да го дистрибуира огласот за конкурсот на кабинетот на министерот надлежен за дијаспора за финансиска поддршка на здруженија од локалната дијаспора итн., истакна Чупи.

Градоначалникот Трајковски изрази задоволство од потпишувањето на Договорот со што и официјално Општина Делчево станува дел од семејството општини кои во рамките на Национална стратегија за соработка со дијаспората, ќе отвори Центар за иселеници во рамките на Општина Делчево.

-Водени од фактот што во нашиот крај има релативно голем број иселеници, сметавме дека отворањето на еден ваков Центар ќе им помогне на нашите иселеници посебно во делот на административните процедури и обврски. За таа цел, номиниравме административен службеник од редовите на вработените во Општината кој ќе биде линк меѓу институциите и иселениците. Воопшто, Центарот за иселеници ќе има посредничка улога и ќе овозможи пристап на нашите иселеници до потребните информации, во врска со сите нивни права и обврски за време на престојот во матичната земја и сл., рече Трајковски.

# Фотоволтаична централа во СОУ „М.М.Брицо“

Актуелности



Заврши изградбата на фотоволтаична централа во СОУ „М.М.Брицо“. Инвестицијата за инсталирање фотоволтаична централа за производство на електрична енергија од сончева енергија е вредна 1.1 милион денари и е обезбедена преку проектот на ФООМ „Пилотирање соларни панели во училиштата во Република Северна Македонија“.

Ова е значајна инвестиција и во време на енергетска криза, ќе донесе намалени трошоци за електрична енергија за средното општинско училиште, средства кои потоа можат да се искористат за други потреби на училиштето, истакна градоначалникот Трајковски и додаде дека заедно со претходните инвестиции во училиштето, изградбата на енергетско -ефикасна фасада, ќе донесе сериозен процент на заштеда на енергија и максимално искористување на сончевата енергија.

Фондацијата Отворено општество – Македонија – ФООМ идентификуваше училишта во помали населени места, рурални и урбани во кои по утврдување на соодветните технички можности за изведување, донира инсталација на фотоволтаични соларни системи на 5 училишта. Освен за Делчево, оваа донација е предвидена да се реализира и во Валандово, Чучер Сандево и Центар Жупа.

Општата цел на проектот е да се овозможи искористувањето на сончевата енергија и рационално користење на енергијата во пилот -училиштата со што ќе се поддржи еколошката транзиција на институциите, а истовремено ќе се стреми кон создавање т.н. зелени училишта преку едукација и вклученост на учениците и вработените за енергетска ефикасност.

Во Делчево досега се поставени фотоволтаици на три јавни објекти: општинската зграда, ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски.

Актуелности

# Денови на хуманост-дарувај со љубов



Петти пат по ред, локалните институции по повод Светскиот ден на лицата со посебни потреби ја реализираа манифестацијата „Денови на хуманост-дарувај со љубов“. Општина Делчево во партнерство со образовните институции и детската градинка, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, „Бравура кооператива“, со низа активности ги организираа годинешните Денови на хуманост.

Целта за оваа активност е да се разбуди филантропијата и општествената одговорност и да се подигне свеста за лицата со хендикеп и нивното место во општеството. Активностите имаат заеднички именител-дека нема свет со различности и дека секој еден е важен.

„Подај им рака и биди им другар“ беше мотото под кое ЈЛБ„Илинден“-Делчево по повод 3 -ти декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, на децата од ООУ„Ванчо Прке“ кои се влкучени во редовна настава преку процес на инклузија, им подари сликовници и книги. Подарок книга добија и децата кои се вклучени во редовна настава преку процес на инклузија, како и на децата со пречки во развојот од ООУ„Св.Климент Охридски“ кои наставата ја следат во посебна паралелка. Традициналната ликовна работилница во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и ликовното студи „Белогаски“ ги обедини членовите на ликовното студио и лицата со попреченост, каде се учеа тајните на сликарството и се твореше на новогодишни мотиви. Делата кои се создадоа од оваа работилница ќе бидат подарени на Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево.

Аматерското драмско студио при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“под менторство на професорката Маријана Стоименовска ја одржа премиерата на детската претстава „Македонски туризам“која обработува мотиви од македонски народни приказни. Воедно, образовните институции организираа и низа активности со цел подобро разбирање на полето на хендикеп, со фокус на правата на лицата со посебни потреби и придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во нивната заедница.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**